2020

авно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о
БР. 02-177/2-1
02.03. 2021 ГОД.
БИТОЛА

# ИЗВЕШТАЈ
# за стопанското работење



ИЗГОТВУВАЧ

ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА СТОПАНСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2020 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈКП"ВОДОВОД"-БИТОЛА

ЈКП"Водовод"-Битола врши комунална стопанска дејност од посебен јавен интерес за граѓаните: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и тоа за Општината Битола и Општините Могила и Новаци.

Претпријатието претставува самостоен субјект со целосна одговорност. Со работата раководи директор на претпријатието, именуван од градоначалникот. Управувањето му е доверено на Управниот одбор, кој се состои од 9 членови.

За пратење на материјално финансиското работење од страна на Советот е оформен Одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е составен од пет надворешни члена.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈКП "ВОДОВОД"

За извршување на основната дејност, според карактерот на работите и од аспект на раководењето, внатрешната организација е организирана по сектори и одделенија, врз основа на посебни акти; Правилник за внатрешна организација на ЈКП Водовод Битола и Правилник за систематизација на работни во ЈКП Водовод Битола.

Во ЈКП"Водовод" постојат пет сектори и тоа:

- Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за финансии, сметководство и комерција
- Сектор за технички работи и развој
- Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење
- Сектор за водоснабдителни инсталации

Структурата на вработените по образование е следна:

| **Ред** | **Структура** | **Бр. на вработени** |
|---|---|---|
| 1 | Магистратура | 3 |
| 2 | ВСС | 27 |
| 3 | ВШС | 41 |
| 4 | 4 години средно образование | 59 |
| 5 | 3 години средно образование | 35 |
| 6 | Основно образование | 43 |
| | **ВКУПНО** | **208** |

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ВО 2020 ГОДИНА ПО СЕКТОРИ

## 1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ

Во склоп на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси за делуваат две одделенија:

- Одделение за општи правни работи
- Одделение за човечки ресурси

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси преку одделенијата ги извршуваат сите правни работи и работи поврзани со човечките ресурси во претпријатието во целина.

## 2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во склоп на Секторот за финансии, сметководство и комерција делуваат четири одделенија:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии, план и анализа
- Одделение за АОП
- Одделение за комерција

Секторите преку своите служби и оддели ги извршуваат сите сметководствени, финансиски, комерцијални и други работи за сите сектори во претпријатието во целина.

## 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2020 година преку одделението за комерција на ЈКП „Водовод“- Битола се извршуваа следните работи:

1.Читање на водомерите на индивидуалните потрошувачи и претпријатијата, со исклучок на големите потрошувачи.

2.Внесување на состојбите и изготвување на сметки и фактури, како и изготвување на опомени по неплатените сметки.

3.Носење на сметките и фактурите до потрошувачите и нивна наплата.

4.Контрола на читањето и наплатата.

5.Присилна наплата кај индивидуалните потрошувачи и малото стопанство.

6.Откривање и пријавување на диви приклучоци.

7.Склучување на договори со корисниците.

8.Спроведување на јавни набавки и магацинско работење.

Дивите приклучоци и натаму се откриваат и проследуваат преку контролата, самоиницијативно и по пријава на граѓаните или инкасантите. Понатаму се прави записник и се упатува странката која има див приклучок во правна служба и кај техничарот по приклучоци, за доколку има услови истиот да се легализира и направи договор, во спротивно да се исклучи.

Во 2020 година воведен е нов начин на читање на водомерите со телефони и нов софтвер, од кој се очекува во 2020 година во потполност да профункционира, со што би се отфрлиле тефтерите, а сите записи ќе се чуваат во компјутерската база на податоци. Во текот на 2020 година се продолжи да се изготвуваат сметки на главните водомери во станбените објекти.

Магацинското работење подлежи на редовни и вонредни пописи.

# 3. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

## 3.1. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ

Одделението за ГИС и проектирање делува во склоп на секторот за технички работи и развој.

Во врска со електронското издавање на одобренија за градба, ЈКП Водовод издава мислење за исполнување на хидротехнички услови за приклучување на објекти за кои се поднесува берање за одобрение за градба. Издадени се 120 мислења во електронскиот систем Gradezna dozvola. Рокот за издавање на условите е 5 работни дена. Во текот на 2020 во електронскиот систем на национално ниво E-urbanizam во кој издаваме мислења, вцртувања на подземни инсталации и согласности за нови инфраструктурни урбанистички планови како и технички мислења по барање на Општина Битола и други правни субјекти, изработени се 197 документи. Рокот за издавање на мислењето во системот E-urbanizam е 10 работни дена. Геометарот како дел од оваа служба редовно е на терен извршувајќи ги работите во склоп на одделението како и потребите за другите сектори. Во текот на 2020 година е изработена е проектна документација за следните објекти: 1.

Основен проект за реконструкција на линиска инфрасруктурна градба, реконструкција на водовод на улица Пробиштип крак 1 и крак 2, проектирана вредност крак 1.871.725,00 денари со ДДВ 18% и проектирана вредност крак 2 1.294.869,00 со вклучен ДДВ 18% 2. Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурна градба реконструкција на водовод на улица Ѓорѓи Ѓорѓиевски Цоца, проектирана вредност 989.065,00 денари со вклучен ДДВ 18% 3. Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурна градба реконструкција на водовод на улица Кленовец, проектирана вредност 2.657.733,00 денари со вклучен ДДВ 18% 4. Финализирање на Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурна градба реконструкција на водовод на улица Ари Ангелевски, проектирана вредност 978.438,50 денари со вклучен ДДВ 18% , како и улица Рузвелтова и улица 2-ри Август, до издавање на Одобрение за градба 5. Во тек е изработка на проектна документација и за други објекти и истата ќе биде завршена во текот на 2021 година.

## 3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ВОЗЕН ПАРК

Основната задача на одделението за возен парк е да се организира работата, управувањето и одржувањето на сите моторни возила како и навремено и квалитетно опслужување на работните единици во рамките на ЈКП "Водовод".

Одделот во **2020** година работеше со возобновен возен парк со вкупно 39 моторни возила и придружна механизација од типот: агрегати, резачка за асфалт со дијамантски диск, пумпи за црпење вода, компресор со хидрауличен чекан, " HIAB " дигалка од 1 тон надградба на возило ФАП, дигалка PALFINGER до 4,5 тона надградба на возило ФОРД и тн. Во текот на 2020 година, набавени се; ново возило Fiat Ducato кипер,вибро набивач, моторни косилки за трева , трактор косилка husqvarna, четири мопеди за инкасантите.

| Година | ВИД НА ГОРИВО | | ВКУПНО (литри) |
|---|---|---|---|
| | БЕНЗИН (литри) | ДИЗЕЛ (литри) | |
| 2020 | 3.406 | 31.483 | 34.889 |
| 2019 | 4.107 | 33.138 | 37.138 |
| 2018 | 3.897 | 29.277 | 33.174 |

Во **2020** година потрошено е вкупно **34.889** литари гориво, што се за 6% намалени во споредба со потрошеното гориво во **2019** година, кога беа потрошени **37.138** литари. По категории: намалување има кај бензините за 701 литри, што е за 17 % помалку во споредба со мината година, а кај дизел горивото има амалување од **1.655** литри, односно намалување за 5 % во споредба со минатата година.

## 4. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ , ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

### 4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ

Во текот на 2020 година, објектот Филтерница заедно со пумпната станица – Довлеџик успешно ја заврши својата работа испорачувајќи ги потребните количини на чиста вода за пиење на конзумното подрачје на градот и околните селски населби.

Во 2020 година „Одделот за водоснабдителни објекти„ ги изврши следните планирани и тековни активности;

- Тековно одржување на хлоринаторската опрема и апарати.
- Градежна санација на филтерската станица.
- Тековно одржување на SCADA системот (промена на мерачи на проток и притисок, сервисирање на дренажни пумпи, одржување на ел ормари).
- Комплетна санација на прво поле од старите и делимична санација на трето поле од старите ф. полиња
- Набавка и монтирање на нови дувалки за перење на ф. полиња
- Поставување на ултразвучен мерач на ПС. Довлеџик.
- Комплетен сервис на хидро делот од пумпениот агрегат бр. 2 на ПС.Довлеџик.
- Чистење на брана Сапунчица, Лак поток, Црвена и резервоар на Сапунчица.

**Тековни работи** околу одржавање на филтерницата и објектите на водовод

Генерално, поголемиот дел од сирова вода е испорачана преку системот Драгор. Во текот на 2020 година преработени се **16.826.119** **м3** што е за 4% помалку во споредба со 2019 година кога беа преработени **17.485.654** **м3** вода и тоа:

| | 2019 м$^3$ | 2020 м$^3$ | индекс |
|---|---|---|---|
| **Вкупна вода:** | **17.485.654** | **16.826.119** | **96%** |

Во ова вкупна вода влегува и превземената вода од ЈП Стрежево и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Алим.канал ЈП"Стрежево" и Пумпна ст. "Довлеџик" | **5.394.911** | **4.406.657** | **81%** |

или од сопствени извори **74%**, а од ХС "Стрежево" учеството е **26%**

Произведена чиста вода **16.202.578 м3**, а испорачана вода во мрежата кон корисниците **14.785.002 м$^3$** вода. И оваа година, како и 2019 година, испорачаната чиста вода е пониска од претходните години кога не беше инсталиран **SCADA** системот и хидроцентралата Довлеџик, ХЕП Водовод.

Прелив на чиста вода во полноводие за производството на електрична енергија од **1.417.576 м$^3$** вода, кое што е за 12% помалку во споредба со минатата година, каде што беа испуштени **1.611.344 м$^3$** вода.

За производство на вода потрошени се одредени количини на репроматеријали и тоа; течен хлор **23.985** кг, што е за 6% помалку во споредба со лани, а потрошен е хипохлорид вкупно **4.345** литри или 16% повеќе во споредба на минатата година.

Со воведувањето на компјутерски мониторинг, за надгледување на водоводни-от систем, кој ќе се состои од софистицирани водомери и мерни инструменти, дел од нив се активирани, а дел се во фаза на поставување на критични точки за да се прати движењето на водата и навремено да се реагира, со што осетно ќе се намалат загубите од вода.

## 4.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И ТРЕТАМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Оваа година во нашата лабораторија беа направени вкупно **2.934** физичко хемиски и **2.625** микробиолошки анали на сирова и преработена вода од филтерска станица и од целата дустрибутивна мрежа.

Во текот на **2020** година, освен анализите направени во нашата интерна лабораторија, направени се уште 6 периодични анализи со
испитување на пестициди, радиоктивност, тешки метали, испитување на трихалогенметани во ЈЗУ-Скопје и резултатите покажуваат
дека водата за пиење одговара според Правилникот за безбедност на водата за пиење ( Сл. весник бр.183/2018 год.) на Република Македонија.

Во летниот период од годината кога максимално се користи вода од акумулација „Стрежево“ и кога температурата на водата е највисока, а со тоа и можноста од појава на зголемена концентрација на фито и зоопланктон е поголема направена е и биолошка анализа на сирова и финална вода во Хидробиолошки завод во Охрид и анализата покажа дека процентот на задржување по однос на зоопланктон е околу 90%, а по однос на фитопланктон ефикасноста на филтрите е 93,95%. Овој резултат се должи на успешно спроведен процес на коагулација.

Од страна на Центарот за јавно здравје направени се околу 290 хемиски и микробиолошки анализи и истите се 100% исправни.

Исто така од страна на оваа установа се прават редовните санитарни прегледи на лицата што се во директен контакт со водата.
На сите водоснабдителни објекти на ЈКП „Водовод“ - Битола 3 пати е извршена дератизација и дезинсекција од Зотокс - Скопје и изготвен е елаборат од нивна страна за извршената работа.

Оваа година имавме аудит и од ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.М. за целокупната работа на филтерската станица, високо беше оценета нашата работа. Исто така 3 пати во месец април и месец октомври беше извршен аудит и од Агенција за храна и ветеринарство подрачна единица Битола и костантирано беше фактичката состојба на фабриката за преработка на водата е уредна.

## 5. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ИНСТАЛАЦИИ
## 5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

Основната дејност на одделението е: одржување на градска и приградска мрежа, монтирање на нови водоводни линии, како и приклучоци во индивидуални станбени згради и индустриски објекти, одржување на доводните магистрални линии и други работи од делокругот на работата на овој оддел како што се: поставување, одржување и поправка на затварачи, хидранти, прочистување на водоводни линии во крајните делови со отворање на крајните затворачи и прочистување на истите.

Одделението во текот на извештајната **2020** година, има извршено реконструкција на дел од градската мрежа и по тој основ се монтирани (променети) водоводни линии во должина од **1.954** метри.

Во **2020** година изведени се реконструкции или целосно нови водоводни линии, според заедничка Програма на Општина Битола и ЈКП „Водовод“ при што се заменети азбест-цементни цевки и поцинкувани цевки од различни профили со нови пластични цевки од сите видови. Во текот на 2020 година извршена е реконструкција и промена на нова водоводна градска и приградска мрежа и тоа;

### РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2020 год.
### 1.ИНВЕСТИТОР – ЈКП „ВОДОВОД“ - БИТОЛА

| р.бр. | Објект | ПЕ - Ф | должина (m) | сума |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ул.Крсте Нале од бр.7-19 | 90 | 36.00 | 185,787.00 |
| | | 63 | 70.00 | |
| | | 50 | 5.00 | |
| 2 | Модуларна болница Ковид 19- Битола | 90 | 221.00 | 1,032,467.00 |
| | | 63 | 73.00 | |
| | | 40 | 30.00 | |
| 3 | Промена на затворачи,хидранти,воздушни вентили | | | 853,898.00 |
| | | **Вкупно :** | 430.00 | **2,072,152.00** |

## 2. ИНВЕСТИТОР – ОПШТИНА БИТОЛА

| р.бр. | Објект | ПЕ - Ф | должина (m) | стара состојба | сума |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | с.Трново-довод за пречистителна станица | 63 | 420.00 | нова | 587,722.00 |
| 2 | ул.Бранко Радичевич | 225 | 110.00 | АЗЦ ф150 | 721,237.00 |
| 3 | | 63 | 170.00 | нова | |
| 4 | Приклључок за Офицерски Дом | 90 | 60.00 | нова | 138,925.00 |
| 4 | Партизанска-премин над Веро | 225 | 20.00 | нова | 312,860.00 |
| 5 | ОУ Елпида Караманди | 63 | 8.00 | нова | 56,129.00 |
| 6 | Девијација на водоводна линија во д.Оризари | 63 | 55.00 | нова | 64,177.00 |
| 7 | Реконструкција на водовод.приклљу.во д.Оризари | 32 | 112.00 | поц.ф1/2" | 167,725.00 |
| 8 | Санација на чешма во МЗ Димитар Влахов-Битола | 32 | 23.00 | поц.ф1/2" | 42,040.00 |
| 9 | ул.Илинденска I времена | 32 | 203.50 | поц.ф1/2" | 292,510.00 |
| 10 | ул.Илинденска II времена | 63 | 20.00 | нова | 169,736.00 |
| 11 | ул.Илинденска III времена | 32 | 104.50 | поц.ф1/2" | 291,013.00 |
| 12 | Водоводни приклључоци Д.Илиевски Мурато | 90 | 105.00 | нова | 2,885,044.00 |
| 13 | | 63 | 82.50 | поц.ф2" | |
| 14 | | 160 | 26.00 | нова | |
| 15 | Потпорен зид Пумпна станица Довлрџик | | | | 3,232,657.00 |
| | | **Вкупно :** | **1,519.50** | | **8,961,775.00** |

## 5.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ПОПРАВКА НА ДЕФЕКТИ

**Одделението** во текот на 2020 година имаше активна улога во работата на ЈКП Водовод Битола во рамките на делокругот на своето овлстување. Во тој делокруг на работата одделението во текот на 2020 година има излезено до моментот на пишување на овој извештај на 1.160 локации на лице место, со апаратите кои што му се на располагање на службата. За истите има проследено информации и заклучоци за настанати промени на водоводната мрежа до службата за одстранување на дефектии другите служби со кои соработуваме.

Со континуираното работење околу подобрување на функционалноста на SCADA системот, во текот на 2020 година имаме стабилни податоци од секое мерно место и сите уреди на истата функционираат во целост.

Решен е проблемот околу мерно место "Црвене река" каде што немаше постојана покриоеност од мрежата од страна на операторт при што имавме недостаток на податоци од тоа мерно место. Одделението зеде активна улога за подобрување на тенедерска документација за одржување на SACDA исто така и беше активно вклучена во изготвувањето на тенедерска документација за воведување на тендер за резервна опрема за SCADA системот со кој што ќе имаме постојана покриеност на сите елементи од SACAD системот во случај на дефет на било кој дел од комплексниот систем. Во почетокот на 2020 година со годишниот план беше донесена одлука за надградба со три мерни места на SCADA ситемот. За таа цел беше изработена комплетна документација со која што беше реализиран во текот годината.

## 5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА

Одделението водомерна работилница делува во склоп на Секторот "Водоводни објекти и инсталации", а основна дејност е сервисирање и баждарење на сите мерни инструменти (водомери) што ќе бидат донесени :

- Од нашата целокупна водоводна мрежа и тоа:
  - неисправност на водомери ( закочен, стопен, скршено стакло, нечитлив и др.)
  - Редовно баждирање на водомери во законски рок
- Од надворешни фирми од други градови, сродни на нашата дејност
- Водомери донесени од индивидуални странки и корисници

Во текот на 2020 година се продолжи да се баждарат водомерите од проектот на водомери со далечинско отчитување кој е при крај .

Истовремено беше испорачана новиот баждарен стол за испитување на водомери од "C" класа.

Извршено е монтажа на истата и верификација на новата опрема, а истовремено е извршено и калибрација и годишна верификација на сите други работни столови.

Во текот на извештајната 2020 година избаждарени се **2.890 водомери,** додека променети се **1.183 водомети**. Проблем претставува неможноста за замена на водомерите кај старите инсталации, како стари цевки или расипан затворач. Големите водомери се контролираат и читаат месечно, и итно се реагира при неисправност на истите. За да се намалат загубите на вода поради закочување на водомерите, секој петти ден, се врши контрола барем на пет водомери кај големите потрошувачи.

# ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

ЈКП "Водовод" тековната **2020** година, ја заврши со позитивен финансиски резултат, односно бруто добивка од **713.169,00** денари.

Билансот на успех за **2020** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **251.020.976,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **250.307.807,00** ден.
- Бруто добивката изнесува **713.169,00** ден.

Позитивното финансиско работење овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа овозможи и реализација на зацртаната програма и планот за работа за **2020** година.

Вкупно остварениот приход изнесува **251.020.976,00** денари и е зголемен за 531.153,00 денари во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 92%. Приходите од продажба изнесуваа 216.994.639,00 денари, кои се за 2% намалени во споредба со минатата година. Намалувањето на приходите од продажба се однесува на намалувањето на финансовиот обем на реализација од вода за правните лица од 12% во споредба со истиот период од минатата година поради пандемијата со „Ковид 19". Вкупниот финансов обем на реализација од вода бележи намалување од 4% во споредба со минатата година. Останатите деловни приходи бележат зголемување за 27% во споредба со минатата година.

Вкупно остварениот расход изнесува **250.307.807,00** денари и е за 581.895,00 денари зголемен во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%. Потрошената сирова вода од ЈП „Стрежево" Битола во висина од 22.799.382,00 денари е за 19% намалена во споредба со минатата година, а ставката за потрошена енергија во висина од 16.070.302,00 денари е намалена за 22% во споредба со минатата година.

Остварената вкупна реализација во физички обем од вода за 2020 година изнесува **6.053.861 м$^3$**, од кои домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 75%, а правните лица со 25%. Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **206.106.817,00** денари од кои домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 65%, а правните лица со 35%.

**Амортизацијата** на основните средства е извршена со примена на пропишаните стапки согласно номенклатурата за амортизација и истата изнесуваше **30.658.301,00** денари, што е за 3% зголемена во споредба со минатата година.

Вкалкулираните **бруто плати** изнесуваа **102.227.596,00** денари, што е зголемување за 6% во споредба со минатата година, **нето** платите изнесуваа **68.287.513,00** денари и истите се исплатени согласно законот за плати.

Просечниот број на вработени според часови на работа изнесува **218** вработени, а просечниот број на вработени според состојбата на крајот на месецот изнесува **208** вработени. ЈКП Водовод – Битола деловната 2020 година ја заврши со нето добивка во износ од **101.843,00** денари.

Резултатите од работењето ќе ги согледаме од следниот табеларен преглед:

# I ПРИХОДИ

## 1. Д И Н А М И К А
**на деловниот резултат за 2020 година**

**Во 000 ден**

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2019 | План 2020 | Остварено 2020 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **Вкупен приход** | **250,489** | **273,566** | **251,021** | **100%** | **92%** |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 221,017 | 244,405 | 216,995 | 98% | 89% |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 9,698 | 9,698 | 9,698 | 100% | 100% |
| | Приходи од сопствено учество | 2,057 | 2,957 | 1,886 | 92% | 64% |
| | Останати деловни приходи | 17,717 | 16,506 | 22,443 | 127% | 136% |
| 2 | **Вкупни расходи** | **249,726** | **261,170** | **250,307** | **100%** | **96%** |
| | Материјални трошоци со амортизација | 112,904 | 108,760 | 108,566 | 96% | 100% |
| | Нематеријални трошоци | 40,661 | 46,410 | 39,514 | 97% | 85% |
| | Бруто плати | 96,161 | 106,000 | 102,228 | 106% | 96% |
| 3 | **Вкупно добивка (загуба)** | **763** | **12,396** | **713** | **93%** | **6%** |
| 4 | **Пресметан данок од добивка** | **619** | **2,000** | **611** | **99%** | **31%** |
| 5 | **Нето добивка (загуба)** | **145** | **10,396** | **102** | **70%** | **1%** |

Графички приказ на остварениот приход, расход и добивка за период 01.01.-31.12. 2020 година во 000 ден.




графикон 1

-Од прикажаниот преглед можи да се заклучи :

Остварениот вкупен **приход** во текот на 2020 година изнесува **251.020.975,00** денари, што е идентичен во однос на минатата година, а планот е реализиран со 92% .

Вкупните **расходи** изнесуваа **250.307.806,00** денари што се за 581.895,00 денари повеќе во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%.

Во текот на 2020 година беа реализирани приходи од извршени услуги во поврзани субјекти. Овие приходи се реализирани од **ХЕП „Водовод“** преку закупнина и консалтинг услуги. Остварениот приход изнесуваше **9.698.408,00** денари, што е еднаков во споредба со минатата година а планот е реализира со 100%.

Според структурата динамиката на вкупниот **приход** е следна :

**I Вкупни приходи;**

## 2. Д И Н А М И К А
## на приходите во 2020 година

| Конто | ВИД НА ПРИХОД | ОСТВАРЕНО 2019 | ПЛАН 2020 | ОСТВАРЕНО 2020 | ИНД.5/4 | ИНД.5/3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 730 | ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 9,698,408 | 9,698,408 | 9,698,408 | 100 | 100 |
| 740 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 221,017,088 | 244,405,000 | 216,994,639 | 98 | 89 |
| 745 | ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП ПРОИЗВОДСТВО | 2,057,000 | 2,957,252 | 1,886,318 | 92 | 64 |
| 764 | ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ | 223,859 | 205,000 | 140,980 | 63 | 69 |
| 765 | ПРИХОД ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ | 3,350,099 | 3,300,000 | 2,321,481 | 69 | 70 |
| 767 | ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ | 2,529,058 | 2,500,000 | 4,306,115 | 170 | 172 |
| 769 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВ, СУД, ИЗВРШ, МАНИПУЛ) | 10,713,891 | 9,500,000 | 15,245,249 | 142 | 160 |
| 774 | ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 900,418 | 1,000,000 | 427,785 | 48 | 43 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **250,489,821** | **273,565,660** | **251,020,976** | **100** | **92** |

Од компаративниот преглед за движењето на приходите во **2020** година може да се забележи следната динамика;

- Приходите од продажба кои се во висина од **216.994.639,00** денари и се за 2% намалени во споредба со минатата година.
- Приходите од основ на употреба на сопствени производи и услуги се во висина од 1.886.317,00 денари и се намалени за 8 % во споредба со минатата година.
- Приходите од премии и субвенции се зголемени за 70% во споредба со минатата година и изнесуваат 4.306.115,00 денари.

- Другите приходи од финансирање кои изнесуваат **140.980,00** денари кои се намалени за 37% во споредба со минатата година.
- Останатите приходи од адвокатски, судски, извршни трошоци, фактурирани штети кои се во висина од **15.245.249,00** денари и се за 42% зголемени во споредба со минатата година.
- Приходите од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски кои се во висина од **2.321.481,00** денари и се за 31% намалени во споредба со минатата година.
- Приходите од камати се намалени за 52% во споредба со минатата година и изнесуваат **427.785,00** денари

Вкупните приходи за 2020 година се идентични во споредба со минатата година и изнесуваат **251.0209.975,00** денари, а планот реализиран со 92%.

**Цената** на водата со која е формиран вкупниот приход од 01.01. 2020 година е формирана по цени согласно Решението доставено од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. **УП1 бр. 08-178/17 од 24.11. 2017 год**. до ЈКП „Водовод" – Битола, за утврдување на тарифа за вода за пиење за регулиран период 2018- 2020 година, Одлука за измена и дополнување на Одлуката **бр.02-56/1 од 22.01.2018 година** за утврдување на тарифи за вода во ЈКП Водовод Битола за регулиран период од 2018-2020 година **бр.02-469/1 од 19.06. 2018 година** од Управниот одбор на ЈКП „Водовод" Битола и Решението за давање на согласност од Советот на Општина Битола со **бр. 09-83**/19 **од 26.06. 2018 година** и тоа по категорија на потрошувачи изнесуваше:

| Ред. бр | Категорија на потрошувачи | Цена ден |
|---|---|---|
| | Домаќинства | 29,35 |
| | Правни лица | 49,45 |

Според структурата приходите од продажба на производи и услуги ја бележеа следната динамика:

# 3. Д И Н А М И К А
## на фактурирана реализација по Сектори и одделенија за 2020 година

во 000 денари

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2019 | ПЛАН 2020 | Остварено 2020 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **Сектор за Водоснабдителни инсталации** | **219,861** | **243,205** | **215,694** | **98%** | **89%** |
| * | Реализација од вода | 214,133 | 226,955 | 206,107 | 96% | 91% |
| * | Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци | 4,494 | 15,500 | 8,818 | 196% | 57% |
| * | Одделение Возен парк | 177 | 750 | 274 | 155% | 37% |
| * | Одделение Водомерна работилница | 1,234 | 750 | 494 | 40% | 66% |
| 2 | **Сектор за финасии сметководство и комерција** | **1,156** | **1,200** | **1,302** | **113%** | **109%** |
| * | Одделение за сметководство | 1,156 | 1,200 | 1,302 | 113% | 109% |
| 3 | **Вкупно 1+2** | **221,017** | **244,405** | **216,995** | **98%** | **89%** |

Од табеларниот преглед за динамиката на фактурираната реализација по сектори и одделенија може да се согледа следното:

**1.1. Сектор за „Водоснабдителни објекти и инсталации"** оствари фактурирана реализација во висина од **215.693.379,00** денари што е за 2% намалена во однос на минатата година, а планот е реализиран со 89%.

Според структурата на фактурираната реализација се бележи следната динамика:

**Реализацијата од вода** изнесува **206.106.817,00** денари и бележи стапка на намалување од 4% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 91%.

а) **Одделението за „Водоводна мрежа и приклучоци"** оствари реализација од **8.818.032,00** денари што е за 96% повеќе во однос на минатата година, а планот е реализиран со 57%.

б) **Одделението „Возен парк"** оствари реализација од **273.913,00** денари што е за 55% повеќе во однос на минатата година, а планот е реализиран со 37%.

в) **Одделението за „Водомерна работилница"** оствари реализација во висина од 494.619,00 денари која е намалена за 60% во споредба со минатата година. Во однос на планот истата е реализирана со 66%.

**2.1. Сектор за „Финансии, сметководство и комерција "** оствари реализација во висина од **1.301.260,00** денари што е за 13% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 109%.

**1+2 Вкупната фактурирана реализација по сектори** изнесува **216.994.639,00** денари, што е за 2% намалена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 89%.

## 4. ДИНАМИКА

на реализација од вода по категории на потрошувачи во физички обем

м3

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | Остварено 2019 | ПЛАН 2020 | Остварено 2020 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 4,649,356 | 4,700,000 | 4,563,819 | 98% | 97% |
| 2 | Правни лица | 1,749,613 | 1,800,000 | 1,490,042 | 85% | 83% |
| | **Вкупно** | 6,398,969 | 6,500,000 | 6,053,861 | 95% | 93% |

Графички приказ на остварениот физички обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2020 година во м3 ден.




графикон 2

Од компаративниот преглед на динамиката на остварената реализација во физички обем, може да се согледа дека во текот на 2020 година се реализирани **6.053.861 м$^3$** што е за 5% намален во споредба со минатата година. Планираниот физички обем е реализиран со 93% .

Според структурата ја бележиме следната динамика :

- кај домакинствата реализираниот физички обем е намален за 2% во споредба со минатата година. Планираниот обем е реализиран со 97%.
- кај правните лица реализираниот физички обем е намален за 15% во споредба со мината година, а планот е реализиран со 83%.

Домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 75%, а правните лица со 25%.

# 5. ДИНАМИКА

на остварениот финансов обем на реализација од вода за 2020 година

Во 000 ден.

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2019 | ПЛАН 2020 | Остварено 2020 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 131,637 | 137,945 | 133,467 | 101% | 97% |
| 2 | Правни лица | 82,496 | 89,010 | 72,640 | 88% | 82% |
| | **Вкупно** | 214,133 | 226,955 | 206,107 | 96% | 91% |

Графички приказ на остварениот финансов обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2020 година во 000 ден.




графикон 3

Од прикажаниот компаративен преглед за динамиката за остварениот финансов обем на реализација од вода за 2020 година, може да се согледа следното:

**Вкупниот финансов обем** од реализација на вода изнесува **206.106.817,00** денари што е за 4% намален во споредба со лани, а планот е реализиран со 91%.

- Кај **домаќинствата** имаме реализација на финансовиот обем на вода во висина од **133.466.666,00** денари и бележи зголемување за 1% во споредба со лани, а планот со 97%.

- Кај **правните лица** имаме реализација на финансовиот обем на вода од **72.640.151,00** денари и бележи намалување за 12% во споредба со лани, а планот е реализиран со 82%.

Домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 65%, а правните лица со 35%.

# II РАСХОДИ

## 5. ДИНАМИКА
на расходите во 2020 год

| Конто | Назив | ОСТВАРЕНО 2019 | ПЛАНИРАНО 2020 | ОСТВАРЕНО 2020 | ИНДЕКС 5/3 | ИНДЕКС 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 36,232,935 | 35,500,000 | 30,369,029 | 84% | 86% |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 6,378,346 | 3,000,000 | 2,902,732 | 46% | 97% |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 20,609,005 | 21,000,000 | 16,070,302 | 78% | 77% |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 2,307,752 | 3,100,000 | 3,120,643 | 135% | 101% |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 1,393,581 | 1,300,000 | 1,506,164 | 108% | 116% |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 5,823,331 | 6,000,000 | 11,655,274 | 200% | 194% |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 949,355 | 1,060,000 | 1,083,868 | 114% | 102% |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,172,668 | 1,100,000 | 2,026,799 | 173% | 184% |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 214,576 | 200,000 | | | |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 7,969,285 | 6,500,000 | 9,173,005 | 115% | 141% |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 11,516,023 | 13,500,000 | 12,053,578 | 105% | 89% |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 402,705 | 450,000 | 154,747 | 38% | 34% |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ | 976,649 | 850,000 | 286,863 | 29% | 34% |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 866,688 | 870,000 | 866,682 | 100% | 100% |
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,855,606 | 2,000,000 | 3,193,193 | 112% | 160% |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 536,555 | 600,000 | 610,198 | 114% | 102% |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 5,330,450 | 7,000,000 | 6,761,895 | 127% | 97% |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 439,144 | 420,000 | 529,640 | 121% | 126% |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 725,627 | 870,000 | 758,109 | 104% | 87% |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 3,944,762 | 4,300,000 | 2,198,671 | 56% | 51% |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 7,182,780 | 10,000,000 | 5,873,526 | 82% | 59% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 460 | ЗАГУБИ ОД РАСХОДУВАЊЕ И ПРО. | 36,119 | 50,000 | 37,755 | 105% | 76% |
| 464 | КУСОЦИ,КАЛО, РАСТУР,РАСИПУВАЊЕ И КРШЕЊЕ | 33 | | | | |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3,541,874 | 3,000,000 | 3,987,682 | 113% | 133% |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 2,305,962 | 2,500,000 | 2,201,554 | 95% | 88% |
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **83,050,834** | **78,760,000** | **77,907,816** | **94%** | **99%** |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **40,660,977** | **46,410,000** | **39,514,094** | **97%** | **85%** |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **123,711,811** | **125,170,000** | **117,421,910** | **95%** | **94%** |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 29,853,500 | 30,000,000 | 30,658,301 | 103% | 102% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **153,565,311** | **155,170,000** | **148,080,211** | **96%** | **95%** |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 96,160,600 | 106,000,000 | 102,227,596 | 106% | 96% |
| **490** | **РАСПОРЕД НА ТРОШОЦИТЕ** | **249,725,911** | **261,170,000** | **250,307,807** | **100%** | **96%** |

Графички приказ на материјални, нематерјалните трошоци и вкалкулираните плати за период 01.01.-31.12. 2020 година во 000 ден.




графикон 4

## II Вкупни расходи;

1.2. **Вкупните расходи** изнесуваат **250.307.807,00** денари и се на исто ниво во споредба со минатата година, а од планот е реализиран со 96%.

а) Според структурата, деловните расходи ја бележат следната динамика:

- **материјалните трошоци** изнесуваат **77.907.816,00** денари и се намалени за 6% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 99%..
- **нематеријални трошоци** кои изнесуваат **39.514.094,00** денари и се намалени за 3% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 85%.
- **вкупните материјални и нематеријални трошоци со амортизацијата** кои изнесуваат **117.421.910,00** и се за 4% намалени во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 95%.

2. **Амортизацијата** изнесува **30.658.301,00** и е зголемена за 3% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 102%.

3. **Вкалкулираните плати** изнесуваат **102.227.596,00** денари и се зголемени за 6% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%.

### 6. ДИНАМИКА
### на материјалните трошоци за 2020 - аналитика

| Конто | Назив | ОСТВАРЕНО 2019 | ОСТВАРЕНО 2020 | ИНДЕКС 4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40000 | ПОТРОШЕНА СИРОВА ВОДА | 28,235,249 | 22,799,382 | 81% |
| 40001 | ПОТРОШЕНИ ХЕМ. И ДР. МАТ. | 1,223,827 | 1,086,299 | 89% |
| 40040 | ПОТРОШЕНО РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 5,579,429 | 5,189,561 | 93% |
| 40041 | ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-ВОЗЕН ПАРК | 1,194,430 | 1,293,788 | 108% |
| 40100 | ПОТРОШЕНО КАНЦАЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ | 572,591 | 717,214 | 125% |
| 40110 | ПОТРОШЕНО ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ | 5,805,754 | 2,185,518 | 38% |
| 40200 | ПОТРОШЕНО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 17,659,279 | 13,820,301 | 78% |
| 40284 | ПОТРОШЕН МАЗУТ | 887,578 | 569,775 | 64% |
| 40285 | ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА | 2,004,038 | 1,622,276 | 81% |
| 40286 | ПОТРОШЕНО МОТОРНИ МАСЛА АНТИФРИЗ И ДР. | 58,110 | 57,950 | 100% |
| 40700 | СИТЕН ИНВЕНТАР-ОТПИС | 2,307,751 | 3,120,643 | 135% |
| 41100 | ТРОШОЦИ ЗА ПТТ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА | 742,590 | 856,259 | 115% |
| 41110 | ТРОШОЦИ ЗА ПИСМОНОСНИ УСЛУГИ | 150,130 | 121,029 | 81% |
| 41120 | ПРОВИЗИЈА ЗА НАПЛАТА НА СМЕТКИ 5% | 425,937 | 441,816 | 104% |
| 41130 | ДРУГИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ | 74,924 | 87,060 | 116% |
| 41300 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ | 3,376,517 | 7,460,695 | 221% |
| 41310 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗЕН ПАРК | 751,123 | 998,007 | 133% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41320 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДР. СРЕДСТВА | 1,695,691 | 3,196,572 | 189% |
| 41400 | ЗАКУПНИНА НА ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ | 949,355 | 1,083,868 | 114% |
| 41541 | ТРОШОЦИ ЗА ЃУБРЕ | 376,008 | 377,912 | 101% |
| 41549 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 12,004 | 15,336 | 128% |
| 41560 | УСЛУГА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТАРИНА | 32,896 | 29,515 | 90% |
| 41595 | ДРУГИ УСЛУГИ | 751,760 | 1,604,036 | 213% |
| 41700 | ТРОШОЦИ ЗА ПРПАГАНДИ И РЕКЛАМИ | 214,576 | | 0% |
| 41900 | ТРОСОЦИ ЗА ИСТАК. НА ФИРМИ И РЕГИСТР. НА ВОЗИЛА | 767,641 | 405,558 | 53% |
| 41940 | УСЛУГИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ, АТЕСТИРАЊЕ НА ДОБРА И УСЛУГИ | 746,554 | 797,400 | 107% |
| 41950 | ТРОШОЦИ ЗА ТЕНДЕРИ | 198,520 | 292,598 | 147% |
| 41990 | УСЛИГИ ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | 6,256,570 | 7,677,449 | 123% |
| 42200 | ОТПРЕМНИНА | 416,034 | 1,274,552 | 306% |
| 42220 | ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ | 883,082 | 776,986 | 88% |
| 42230 | РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР | 5,608,825 | 6,433,054 | 115% |
| 42240 | ПОМОШТИ | 997,306 | 1,157,899 | 116% |
| 42250 | НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК | 3,610,776 | 2,411,087 | 67% |
| 44000 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО ЗЕМАТА | 213,536 | 154,747 | 72% |
| 44001 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО | 154,052 | | 0% |
| 44011 | ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ ЗА СЛУЖ. ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО | 35,117 | | 0% |
| 44150 | ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ | 313,728 | 127,250 | 41% |
| 44160 | УСЛУГИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И СЕМИНАРИ | 41,271 | 50,070 | 121% |
| 44161 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЈЕ | 175,606 | 109,543 | 62% |
| 44162 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ | 446,044 | | 0% |
| 44299 | ТРОШОЦИ ЗА УО И НО | 866,688 | 866,682 | 100% |
| 44320 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ | 2,607,848 | 3,056,890 | 117% |
| 44330 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 247,758 | 136,303 | 55% |
| 44401 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 536,555 | 610,198 | 114% |
| 44500 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 5,330,450 | 6,761,895 | 127% |
| 44600 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ | 432,592 | 525,023 | 121% |
| 44610 | НАДОМЕСТ НА БАНКАРСКИ УСЛУГИ ЗА KWB | 6,552 | 4,617 | 70% |
| 44700 | ДАНОК НА НЕДВИЖНОСТИ | 135,530 | 135,677 | 100% |
| 44720 | БЕНИФИЦИРАН СТАЖ | 953 | | 0% |
| 44730 | ЧЛЕНАРИНА НА ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА | 342,606 | 276,130 | 81% |
| 44790 | ТРОШОЦИ ЗА СУДСКИ ИЗДАТОЦИ | 94,958 | 165,735 | 175% |
| 44791 | АДМИНИСТРАТ ТАКСИ И ИЗДАТОЦИ | 151,580 | 180,567 | 119% |
| 44904 | УСЛУГИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ВРЕДНОСТ НА ДРУШТВОТО | 9,000 | 114,000 | 1267% |
| 44940 | ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА | 209,000 | 246,000 | 118% |
| 44950 | ТРОШОЦИ ЗА АДВОКАТСКИ УСЛУГИ | 3,569,923 | 1,762,327 | 49% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44951 | ИЗВРШНИ ТРОШОЦИ | 57,031 | 76,344 | 134% |
| 44991 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | 99,408 | | 0% |
| 44995 | ДРУГИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШЦИ | 400 | | 0% |
| 45500 | ОТПИС ИИСПРАВКА НА НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА | 7,182,780 | 5,873,525 | 82% |
| 46000 | РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 36,119 | 37,755 | 105% |
| 46420 | КУСОЦИ НА РЕЗЕРВНИТЕ ДЕЛОВИ | 33 | | 0% |
| 46900 | ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ | 3,541,875 | 3,682,784 | 104% |
| 46990 | РАСХОДИ НА МАТЕРЈАЛИТЕ | | 304,898 | |
| 47400 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВСКИ ЗА ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 353,803 | 265,823 | 75% |
| 47401 | КАМАТИ ОД КРЕДИТИ ОД KFW БАНКА | 1,935,254 | 1,935,254 | 100% |
| 47410 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА | 16,905 | 477 | 3% |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци** | **83,050,832** | **77,907,816** | **94%** |
| | **ВКУПНО Нематеријални Трошоци** | **40,660,978** | **39,514,093** | **97%** |
| 43000 | АМОРТИЗАЦИЈА ПО МИНИМАЛНИ СТАПКИ | 29,853,501 | 30,658,302 | 103% |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци со амортизација** | **112,904,333** | **108,566,119** | **96%** |
| 42000 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 96,160,600 | 102,227,596 | 106% |
| | **ВКУПННО РАСХОДИ** | **249,725,911** | **250,307,807** | **100%** |

## III ВКУПНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

Билансот на успех за **2020** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **251.020.976,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **250.307.807,00** ден.
- Бруто добивката изнесува **713.169,00** ден.
- Нето добивката изнесува **101.843,00** ден

ЈКП „Водовод“ Битола со остварените вкупни приходи за 2020 година овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа и овозможи реализирање на зацртаната програма и планот за работа за 2020 година.

Март 2020;

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ
ПЛАН И АНАЛИЗА

ЈКП "ВОДОВОД" БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" Битола